**НОЕМВРИ 2023**

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН

## ОПШТИНА ЧАШКА

## 2024-2027

ЧАШКА, Ноември 2023

**СОДРЖИНА**

1. ВОВЕД 3
1.1. Социо-економски карактериситики на општината 5
1.2. Население 5
1.3. Законска регулатива 9
1.4. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план 10

2. МАПИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ И РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ЛОКАЛНО НИВО И НИВНИ ПОТРЕБИ 10
2.1. Сиромаштија односно невработеноста како социјален ризик 12
2.2. Старост како социјален ризик 17
2.3. Попреченост како социјален ризик 19
2.4. Семејства со нарушени семејни односи и жртви на семејно насилство 21

3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ 23
3.1 Постоечки социјални услуги 23
3.1.1 Услуги на информирање и упатување 24
3.1.2 Услуги на стручна помош и поддршка 25
3.1.3 Услуги на советување 25
3.1.4 Услуги во домот 27
3.1.5 Услуги во заедницата 27
3.1.5.1 Услуги на дневен престој 27
3.1.6 Услуги за вон-семејна заштита 28
3.2 Нови социјални услуги 29
3.2.1 Услуги на информирање и упатување 29

3.2.2 Услуги на стручна помош и поддршка 30
3.2.3 Услуги на советување 31
3.2.4 Услуги во домот 31
3.2.5 Услуги во заедниацата 32
3.2.5.1 Услуги на дневен престој 32
3.2.6 Услуги за вон семејна заштита 33
3.2.6.1 Живеење со поддршка 33
3.2.6.2 Згрижување во семејство 34
3.2.6.3 Сместување во установа 34
3.3 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување 35

4. ПОТРЕБНИ КАПАЦИТЕТИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА 37

5. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА 41

## 1. ВОВЕД

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која претставува систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Согласно Законот за социјална заштита како и Законот за локална самоуправа, носители на социјалната заштита освен државата се и општините , во рамките на своите надлежности, кои преку низа мерки, активности, програми и локални политики скроени по мерка на потребите на граѓаните се грижат за подобрување на квалитетот на нивниот живот.

Социјалната заштита е опфатена во одделението за локален економски развој и јавни дејности преку Програма за активности на Општина Чашка во областа на социјалната заштита , и истата ги има следнните цели :

- Обезбедување на активен однос на Советот на Општина Чашка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита;
- Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;
- Изнаоѓање на форми за социјализација на маргинализираните групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;
- Создавање на услови за поквалитетни услуги за децата и младите во локалната заедница;

Општинскиот Совет за социјална заштита на општина Чашка е формиран со одлука на Советот на општина Чашка, со деловоден број 08-1057/5од 28.07.2022. Истиот е основан согласно изворната надлежност на општините за негово формирање која произлегува од членовите 11, 141 и 142 од Законот за социјална заштита, во кој што се определени правата и должностите на истиот а како негова главна задача претставува изготвување на Социјален план на општината по претходно мапирање на пробемите и потребите на граѓаните.

Овој план има за задача да постави цели кон кои Општина Чашка ќе се стреми во иднина, тежнеејќи да се намали нееднаквоста и сиромаштијата, да се развијат нови социјални услуги утврдени со законската регулатива а согласно потребите на граѓаните, да се зголеми нивната достапност како и да се унапреди социјалната инклузија со подеднаква грижа за секој поединец.

Овој социјален план има долгорочен карактер и опфаќа период на реализација од четири години и тоа од јануари 2024 до декември 2027 година и истиот претставува основа врз која ќе се изготвуваат идните едногодишни програми за социјална заштита во општина Чашка. Со реализација на истиот, очекуваме да се подобри состојбата на голем број маргинализирани групи на граѓани, меѓу кои и самохрани родители, лица и деца со попреченост, стари лица како и на други социјално исклучени категории, но и активно вклучување на младите лица во општествениот живот користејќи го правото на одлучување.

## 1.1. Социо-економски карактериситики на општината

Општина Чашка се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија. Зафаќа површина од 825 км2 и се вбројува во една од поголемите општини во Македонија. Истата е рурална општина со добра географска положба.

Општината располага со вкупна обработлива земјоделска површина од 476.00 км2 и 48.97 км2 под пасишта. Соседни општини со кои се граничи општината се од исток со Велес и Градско, од север со Зелениково и Студеничани, од запад со Македонски Брод и Долнени и на јужниот дел со Прилеп и Кавадарци.

Општина Чашка има добра географска положба. Ги поседува најубавите и атрактивни предели на планините Јакупица, Даутица и Бабуна од запад, Клепа од исток, Караџица и Голешница од северо-запад. На територијата на општината е и највисокиот врв на Јакупица, Солунска Глава (2539м). Целата таа атрактивност на пределот го дополнуваат и реките Бабуна и Тополка. По течението на овие реки се простира алувијална рамнина настаната како резултат на наносите на реките која е многу плодна. Покрај реките Бабуна и Тополка како природен ресурс е и хидросистемот Лисиче.

## 1.2. Население

На територија на општина Чашка се 42 населени места  и тоа: Чашка, Војница, Раковец, Дреново, Отиштино, Бањица, Бусилци, Голозинци, Горно Врановци, Мелница, Лисиче, Ново Село, Крива Круша, Крајници, Еловец, Витанци, Горно Јаболчиште , Долно Јаболчиште,

Извор, Долно Врановци, Оморани, Мартолци, Владиловци, Крнино, Попадија, Поменово, Степанци, Смиловци, Стари Град, Богомила, Капиново, Плевење, Бистрица, Теово, Согле, Ореше, Нежилово, Папрадиште, Црешнево, Ораов дол, Габровник, Мокрени.

Општина Чашка согласно Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа спаѓа во Вардарскиот регион.

Според податоците од **“Попис на население 2021” Државен завод за статистика во Општина Чашка живеат вкупно 7942 жители, од кои 4083 мажи и 3859 жени.**

**Табела: Население во Општина Чашка според петгодишни групи на возраст и пол**

| | **Вкупно** | **Возрасни групи** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **0-4** | **5-9** | **10-14** | **15-19** | **20-24** | **25-29** | **30-34** | **35-39** | **40-44** | **45-49** | **50-54** | **55-59** | **60-64** | **65-69** | **70-74** | **75-79** | **80-84** | **85+** |
| **Мажи** | **4083** | 336 | 384 | 329 | 273 | 273 | 268 | 271 | 244 | 248 | 233 | 229 | 208 | 197 | 199 | 170 | 120 | 67 | 34 |
| **Жени** | **3859** | 305 | 369 | 324 | 268 | 229 | 243 | 259 | 240 | 226 | 217 | 198 | 183 | 209 | 179 | 190 | 116 | 70 | 34 |
| **Вкупно** | **7942** | 641 | 753 | 653 | 541 | 502 | 511 | 530 | 484 | 474 | 450 | 427 | 391 | 406 | 378 | 360 | 236 | 137 | 68 |

**Табела: Работноспсобно население според возрасна група , вкупно  и по пол во Општина Чашка**

| Возрасна група | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **15-19** | 541 | 273 | 268 |
| **20-24** | 502 | 273 | 229 |
| **25-29** | 511 | 268 | 243 |
| **30- 34** | 530 | 271 | 259 |
| **35-39** | 484 | 244 | 240 |
| **40-44** | 474 | 248 | 226 |
| **45-49** | 450 | 233 | 217 |
| **50-54** | 427 | 229 | 198 |
| **55-59** | 391 | 208 | 183 |
| **60-64** | 406 | 197 | 209 |
| **65+** | 1179 | 590 | 589 |
| **Работно способно население ВКУПНО** | **5895** | **3034** | **2861** |

**Табела: Активно население на возраст од 15 години и повеќе , кое врши занимање според дејноста, пол во Општина Чашка , Попис 2021**

| | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Општи програми и квалификации | 380 | 288 | 92 |
| Образование | 78 | 43 | 35 |
| Уметност и хуманистички науки | 51 | 35 | 16 |
| Општествени науки, новинарство и информирање | 348 | 222 | 126 |
| Бизнис администрација и право | 111 | 58 | 53 |
| Природни науки , математика и сттаистика | 74 | 31 | 43 |
| Информатичко – комуникациски технологии | 33 | 29 | 4 |
| Инженерство, производство и градежништво | 401 | 316 | 85 |
| Земјоделство, шумарство , рибарство и ветерина | 71 | 62 | 9 |
| Здравство и социјална заштита | 84 | 23 | 61 |
| Услуги | 111 | 74 | 37 |
| Непознато | 198 | 116 | 82 |
| ВКУПНО ПОЛЕ НА ОБРАЗОВАНИЕ | 1940 | 1297 | 643 |

### 1.3. Законска регулатива

Социјалниот план на општина Чашка произлегува почитувајќи ги:

- *Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 I 65/23),*
- *Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),*
- *Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година),*
- *Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година),*
- *Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година)*
- *Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 150 од 2.09.2015 година),*
- *Програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година),*
- *Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002година),*
- *Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11),*
- *Националната програма за развој на социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година),*
- *Националната политика за социјална заштита, и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија;*
- *Статут на Општина Чашка*
- *Податоци од Државен завод за статистика, Попис 2021 година.*

### 1.4 Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

Потребите и услугите од областа на социјалната заштита во општината се решаваат во одделението за локален економски развој и јавни дејности преку Програма за активности на Општина Чашка во областа на социјалната заштита. Во одделението има систематизирано работно место Виш сорабптник за социјална, здравствена и цивилна заштита , пополнето со дипломиран одделенски наставник (контакт податоци: Сали Љатифи, sali.latifov@caska.gov.mk тел.076-482-771, 043-241-400).

Во моментов, во рамките на општинската структура, не и е дадено соодветното внимание на социјалната заштита, затоа што во други општини постојат засебни одделенија со стручни работници во нив. За остварување на дејноста на социјалната заштита Советот на општина Чашка донесе Одлука за формирање на општински совет за социјална заштита, која може да ја најдете како прилог на крајот на планот.

## *2. МАПИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ И РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ЛОКАЛНО НИВО И НИВНИ ПОТРЕБИ*

За потребите на Социјалниот план беше направено социјално мапирање, консултирани се претставници на клучни институции, организации, здруженија на граѓани од општина Чашка кои работат на полето на социјлната заштита. Спроведени се интервјуа, вклучени се членови на Општинскиот совет (претставници од релевантни институции, полиција, здравство, образование, детска заштита, Центар за вработување-Велес, Центар за социјална работа - Велес, здруженија на граѓани), се со цел да се постигне инклузивен и партиципативен

процес преку кој заеднички се посветуваме за поквалитетен живот на нашите сограѓани. Секој од нив од доменот на своето работење придонесе со преглед и анализа на состојбите во институцијата и даде предлози за понатамошна акција. Од направеното интервју со претставник од одделението за ЛЕР за вкупен број на НВО е констатирано е дека има околу 15 активни невладини организации кои работат на полето на култура, животна средина, образование, туризам, земјоделие и социјална заштита на ниво на општина Чашка. Подолу приказ на истите:

***Здруженија на граѓани кои со своите активности делуваат на територија на Општина Чашка се :***

| ***Ред број*** | ***Здружение на граѓани*** |
|---|---|
| 1. | КУД„ Тодор Јанев“ Чашка |
| 2. | Здружение на граѓани за граѓански иницијативи “МЕЛ- МЕЛ 2023” - село Мелница Чашка |
| 3. | Извиднички одред „Димитар Влахов“ Велес ,<br>Извиднички центар село Голозинци, Општина Чашка |
| 4. | Еколошката Групација „Грин Пауер“ Велес<br>Планинарски дом Папрадиште, Општина Чашка |
| 5. | Здружение на пензионери Велес<br>Рекреативен дом за млади и стари лица„ Петар Поп Арсов“ Богомила , Општина Чашка |
| 6. | Организација на жените на Општина Велес<br>Делуваат Велес, Чашка и Градко |
| 7. | ЗГ Велес Бајкинг Велес |
| 8. | КПС АЗОТ , село Ореше, Општина Чашка |
| 9. | Општинска организација на Црвен Крст Велес<br>Делува Велес, Чашка и Градско |
| 10. | Здружение на граѓани Еколошко друштво АМБИЕНТАЛИСТИ село Горно Јаболчиште Чашка |

| | |
|---|---|
| 11. | Здружението на граѓани „Мото клуб – Носачи на крстот“ Велес<br>Делува Велес, Чашка и Градско |
| 12. | Здружение на земјоделци АГРО Центар Велес<br>Делува Велес, Чашка и Градско |
| 13. | АКТИВО Велес |
| 14. | Еколошко друштво „ Вила Зора“ Велес |
| 15. | Здружение на граѓани „ РАЗБОЈ“ Велес<br>Делува Велес и Чашка |
| 16. | СПД „ Зелен Рај“ Велес |

Според Подпрограмата за финансиска подршка на невладини организациин се објавува Јавен конкурс на кој тие аплицираат со предлог проект за добивање на финансиски средства согласно можностите на општината во тековната година.

## 2.1 Сиромаштијата односно невработеноста како социјален ризик

Според податоците од Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, Вардарски плански регион има најмала стапка на сиромашни лица по однос на другите плански региони во земјата.

Со новиот ЗСЗ се овозможи интегрирање на категоријалните бенефиции во генерички парични давања согласно основот на користење и се овозможи комбинирање на правата на парична помош, како и интегрираност меѓу правата на парична помош и социјалните услуги. Корисниците на клучниот паричен надоместок –ГМП остварија и право на детски додаток и на образовен додаток, со што се имплементира

семеен пакет, односно обезбедување на значително поголеми средства за намалување на сиромаштијата на материјално необезбедените домаќинства. Во табелата подолу прикажан е бројот на корисници на дел од паричните права од ЗСЗ , со пресек на 15.10.2023 година.

| **Предмети во работа** | **Општина Чашка** |
|---|---|
| | **15.10.2023 година** |
| **Гарантирана минимална помош** | **511** |
| **Еднократна парична помош за новороденче** | **421** |
| **Детски додаток** | **362** |
| **Образовен додаток** | **849** |
| **Паричен надомест за помош и нега од друго лице** | **330** |
| **Надомест за попреченост** | **43** |
| **Посебен додаток** | **49** |
| **Родителски додаток за трето дете** | **255** |
| **Родителски додаток за четврто дете** | **16** |
| **Социјална сигурност за стари лица** | **137** |

***Извор: ЈУ МЦСР Велес***

Во однос на невработеноста, две групи на пазарот на труд се особено изложени на ризикот од невработеност и неактивност: младите и жените. Од достапните официјални  податоци поврзани со пазарот на труд според Пописот од 2021 година, во Општина Чашка се регистрирани вкупно **953** невработени лица:

**Табела: Преглед на евидентирани невработени лица други лица кои бараат работа**

| | **Активни баратели на работа** | | **Пасивни баратели на работа** | |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба** | **вкупно** | **Жени** | **вкупно** | **Жени** |
| 31.12.2021 | 953 | 454 | 294 | 158 |

**Табела: Преглед на невработени лица,  според степен на образование**

| | **Активни баратели** | | **Пасивни баратели** | |
|---|---|---|---|---|
| **31.12.2021** | **Вкупно** | **Жени** | **Вкупно** | **Жени** |
| **Без образование и со основно образование** | 809 | 415 | 230 | 132 |
| **Непотполно средно образование** | 36 | 9 | 14 | 5 |
| **Завршено средно образование** | 103 | 29 | 46 | 18 |
| **Више образование** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Високо образование** | 4 | 1 | 3 | 2 |
| **Магистри на науки** | 1 | 0 | 1 | 1 |
| **Доктори на науки** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **953** | **454** | **294** | **158** |

**Табела: Преглед на евидентирани невработени лица според возраст**

| Состојба 31.12.2021 | Активни баратели | | Пасивни баратели | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | **се** | **953** | **се** | **294** |
| | **жени** | **454** | **жени** | **158** |
| Од 15 - 19 год | се | 17 | се | 8 |
| | жени | 7 | жени | 6 |
| Од 20 -24 год | се | 95 | се | 23 |
| | жени | 52 | жени | 13 |
| Од 25- 29 год | се | 111 | се | 25 |
| | жени | 68 | жени | 17 |
| Од 30 – 34 год | се | 119 | се | 44 |
| | жени | 53 | жени | 22 |
| Од 35- 39 год | се | 98 | се | 42 |
| | жени | 46 | жени | 21 |
| Од 40- 44 год | Се | 112 | Се | 48 |
| | жени | 56 | жени | 22 |
| Од 45 до 49 год | се | 109 | се | 31 |
| | жени | 57 | жени | 13 |
| Од 50 до 54 год | Се | 102 | Се | 35 |
| | жени | 47 | жени | 23 |
| Од 55- 59 год | се | 113 | се | 16 |
| | жени | 51 | жени | 9 |
| Од 60 год и повеќе | се | 77 | се | 22 |
| | жени | 7 | жени | 12 |

**Табела: Невработени лица, според степен етничка припадност вкупно**

| Состојба 31.12.2021 | Активни баратели | | Пасивни баратели | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | **се** | **953** | **се** | **294** |
| | **жени** | **454** | **жени** | **158** |
| **Македонци** | се | 345 | се | 140 |
| | жени | 157 | жени | 83 |
| **Албанци** | се | 494 | се | 130 |
| | жени | 242 | жени | 60 |
| **Турци** | се | 39 | се | 9 |
| | жени | 18 | жени | 7 |
| **Роми** | се | 1 | се | 0 |
| | жени | 1 | жени | 0 |
| **Срби** | се | 1 | се | 0 |
| | жени | 0 | жени | 0 |
| **Власи** | Се | 0 | Се | 0 |
| | жени | 0 | жени | 0 |
| **Бошњаци** | се | 3 | се | 1 |
| | жени | 3 | жени | 0 |
| **Други** | Се | 70 | Се | 14 |
| | жени | 33 | жени | 8 |

## 2.2 Староста како социјален ризик

Според статистичките податоци, во Република Северна Македонија во континуитет се одвива процесот на демографско стареење и истиот е пресликан и во Општина Чашка,  што значи дека не само што расте бројот на стари лица, туку дека расте и нивниот удел во вкупното население. Република Северна Македонија неодамна ја надмина границата од 12 % на старо население и се приклучи на групата земји што демографски се карактеризираат како земји со старо население.

Самиот процес на стареење носи со себе опаѓање на бројни функции кај старите лица. Овие промени кај различни стари лица се манифестираат со различен интензитет и квалитет. Здравјето и здравствениот статус се посебно важни кај старите лица, пред сé поради фактот што со самото опаѓање на функциите, тие стануваат ризична група, која е најосетлива на сите промени во опкружувањето. Овој проблем дополнително се влошува со надворешната и внатрешната миграција на младото население, намалувањето на бројот на традиционални семејства и домаќинства со повеќе генерации, а дополнителен фактор на ризик е смртта на брачниот другар или во случаи кога  грижата и помошта ја дава член во семејството кој е возрасен или изнемоштен. Посебно ранливи се старите лица во руралните средини поради отсутво на пристапни услуги и ресурси за задоволување на потребите во заедници во кои живеат. Освен наведеното, еден дел од популацијата се соочува и со тешкотии од финансиски аспект за задоволување на потребите, и тоа се однесува на стари лица со ниски пензии и лица кои се корисници на правото на социјална сигурност за стари лица.  Во 2019 година донесен е Закон за социјална сигурност за старите лица, со цел зголемување на ефективноста на паричните давања за оваа категорија и намалување на сиромаштијата кај старите лица. Право на социјална сигурност за старите лица има лице со навршени 65 години возраст, ако нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува, не е корисник на пензија и нема приходи, а има постојано место на живеење во Република

Северна Македонија во последните 15 години. Бројот на корисници на ова право се зголемува од 2019 година. Исто така се , како показател за потенцијани корисници на социјални  услуги е и бројот на корисници на надоместок за помош и нега од друго лице.

Поради ниските примања на старите лица и ограничените можности за заработка, овие семејства се принудени да живеат во области каде условите се далеку од прифатливи и во стари куќи, од кои 25 % се импровизирани. Старите лица што живеат сами се речиси подеднакво распределени кај двата рода и живеат во рурални средини. Негативен аспект е што старите лица не можат да извршуваат одредени домашни обврски (како готвење, чистење, градинарство итн.) и да ги одржуваат своите домови, што значително ги влошува нивните услови за живеење.

Идентификувана е зголемена потреба за услуги и поддршка во средината во која живеат старите лица, како и одредени објекти што обезбедуваат резиденцијални специјализирани здравствени и социјални услуги, особено за лица со намален функционален капацитет поради здравствената состојба, без соодветна семејна грижа и поддршка, и материјално загрозени.  Освен наведеното, работно способни, вработени лица кои се грижат за блиски сродници, стари или возрасни лица со намален функционален капацитет имаат потреба некој да се грижи за нивните блиски сродници додека тие се на работа.   Оттука, излегува и потреба да се изнајдат начини и да се спроведат практични мерки кои ќе резултираат со зголемена атрактивност на регионот и задржување на населението, помеѓу останатото, преку јакнење на социјалните функции и создавање можности за поквалитетно живеење на стари лица.

### 2.3. Попреченоста како социјален ризик

Со новиот ЗСЗ направени се сериозни исчекори во насока на олеснување на животот и поголемо социјално вклучување на лицата со попреченост. Проширени се паричните права поврзани со лицата со попреченост и подигнато е нивото на интегрираност на користењето на паричните права и користењето на социјалните услуги. Во последните три години направен е значаен напредок во деинституционализацијата. Во 2018 година, усвоена е нова Национална стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник", како и детален Акциски план за нејзино спроведување. Процесот на деинституционализација на лицата со попреченост се реализира, пред сѐ, преку воспоставување на нови облици на вон-семејна заштита преку организирано живеење со поддршка, односно воспоставување на групни домови и преку развој на мрежата на згрижувачки семејства. За да се зголеми опфатот со вонинституционална грижа на деинституционализирани корисници, неопходно е овој процес и понатаму да продолжи преку проширување на мрежата на соодветни форми и служби, обезбедување на потребни просторни капацитети, воведување на нови услуги, како и обезбедување на потребна обука и едукација на стручни лица за работа со овие корисници.

Во делот на унапредувањето на можностите за вработување и социјално вклучување на лицата со инвалидност од особено значење е континуираното настојување, преку различните мерки и програми за поддршка, овие лица што е можно повеќе да се вработуваат во отвореното стопанство. Финансиска помош за лица со попреченост која е гарантирана во системот за социјална заштита треба да се комбинира со мерките на активација, а со цел да се намали зависноста од социјалната заштита и да се зголеми потенцијалот за вработување.

Од аспект на лицата со телесна попреченост, кога се говори за ризиците и приоритетите во социјалната заштита, обезбедувањето пристапност во јавниот простор претставува врвен приоритет. Со овој проблем лицата со телесна попреченост се соочуваат речиси на секој чекор. Фокусот на активности треба да биде на совладувањето на бројните физички бариери на јавните површини и обезбедување на целосна пристапност на јавните површини и на јавните институции за лицата со телесна попреченост (нивелирање на рабниците на коловозните и на пешачките површини, обезбедување рампи во сите основни училишта, обезбедување на пристапност до јавните државни и општински институции од кои граѓаните имаат најголема потреба. Еден од приоритетите во Програма за социјална заштита на општина Чашка треба да биде да се обезбеди пристап до безбедни, прифатливи, достапни и одржливи транспортни системи за сите, подобрување на безбедноста на патиштата, особено преку проширување на јавниот превоз, со посебно внимание на потребите на оние во ранлива состојба, жени, деца, лица со посебни потреби и постарите лица.

**Табела : Вкупно население со попреченост**

| **Возрасна група** | **Пол Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | 490 | 239 | 251 |
| **0-14** | 12 | 9 | 3 |
| **15-65** | 198 | 101 | 97 |
| **65+** | 280 | 129 | 151 |

По видови на попреченост , од анализата на податоците од пописот 2021 година , бројките изгледаат вака:

- Попреченост со движењето – Вкупно 215 лица , од кои 89 мажи и 126 жени
- Попреченост со видот – Вкупно 77 лица, од кои 39 мажи и 38 жени.
- Попреченост со слухот – Вкупно 53 лица, од кои 31 маж и 22 жени.
- Попреченост со комуникацијата – Вкупно 20 лица , од кои 14 мажи и 6 жени.
- Други попречености – Вкупно 125 лица од кои 66 мажи и 59 жени.

## 2.4 Семејства со нарушени семејни односи и жртви на семејно насилство

И на државно и на локално ниво, поради општествено-економските услови кои владеат, се случуваат глобални промени во сите сфери на живеење проследени со сиромаштија, несигурни бракови и несигурна иднина за децата. Преоптоварени со постојана борба за преживување и егзистенција, родителите имаат сé помалку време за себе, за семејството, за своите деца. Недостасува комуникација помеѓу родителите и децата, нарушени се семејните односи, а училиштето не ја остварува до крај својата образовна, а посебно воспитна улога. Ова доведува до ситуации да се појават облици на нарушено однесување кај возрасни, семејно насилство, малолетничка деликвенција.

По одржан состанок со вработени во полициското одделение Чашка, добиени се следните податоци во врска со бројот на пријавени случаеви на жртви при семејно насилство во 2021, 2022 и 2023 година во општина Чашка, во полициска евиденција се евидентирани следниве пријави:

**2021 година**

- Телесна повреда при семејно насилство - 3 евидентирани настан во подрачје на ПО Чашка
- Други настани при семејно насилство, Поплаки - 8 евидентирани настани во подрачје на ПО Чашка и 2 евидентирани настани во подрачје на ПК Богомила

**2022 година**

- Телесна повреда при семејно насилство - 1 евидентиран настан во подрачје на ПО Чашка
- Други настани при семејно насилство, Поплаки - 10 евидентирани настани во подрачје на ПО Чашка и 1 евидентиран настан во подрачје на ПК Богомила

**2023 година**

- Телесна повреда при семејно насилство - 1 евидентиран настан во подрачје на ПК Богомила
- Други настани при семејно насилство, Поплаки - 22 евидентирани настани во подрачје на ПО Чашка и 4 евидентирани настани во подрачје на ПК Богомила

На ниво на СВР Велес нема соодветно лице, стручно лице психолог или социјален работник , во соработка се со стручен тим од ЦСР Велес за давање на помош и поддршка.

## 3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

### 3.1. Постоечки социјални услуги

Социјалната заштита во општина Чашка е застапена преку неколку видови на услуги, но истите не се доволни и постои голем простор за развивање и дополнување на истите, се со крајна цел да се одговори на потребите на најранливите категории на граѓани.

Во Општина Чашка социјалните услуги се застапени преку дневни центри за стари лица/ пензионери кои функционираат во Населба Чашка, Теово, Извор и Богомила. Во блиското минато, постоела и подрачна канцеларија на МТСП односно на Центар за социјална работа Велес која нудела услуги во делот за остварување право на социјални надоместоци, но во моментот на изработка на овој социјален план, истата е затворена и вработените се повлечени во ЦСР Велес. Завршена е капитална инвестиција на МТСП за изградба/ реконструкција на дневен центар за лица со попреченост, за кој е формирана јавна општинска установа и кој е во процедура на воспотавување на услугите за кои е наменет.

Во делот на детска заштита услугите се јасно дефинирани и спорведени преку ЈОУД Детска градинка „ Бамби“ - Населба Чашка, Општина Чашка, која има капацитет од две хетерогени групи кои згрижуваат деца до две до шест годишна возраст, во вкупен број од 36 деца. Во насока на подобрување на овие услуги, во изминатите две години, општина Чашка активно зема учество во Програмата Општинско корисна работа финансиски поддршана од УНДП, а во соработка со АВРМС, Центар за вработување и ЈУ Центар за социјална работа Велес. Преку оваа програма беа обезбедувани по 2-3 негуватели за деца од предучилишна возраст, кои се долгорочно невработени лица од оштина Чашка,

кои се ангажирани на половина работно време со соодветен финансиски надомест и со тоа ќе имаат можност да се стекнат со лиценца за работа и практични вештини, се со цел нивно вклучување на пазарот на труд.

### *3.1.1 Услуги на информирање и упатување*

Согласно член 71 од Законот за социјална заштита услугите на информирање и упатување опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите и се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес. До неодамна постоеше подрачна канцеларија на ЦСР Велес во населба Чашка, но моментално истата е затворена, па граѓаните за користење на овие услуги мораат да се обратат до ЦСР Велес, во канцелариите во градот Велес.

Општина Чашка има потреба од зголемување на достапноста на информациите до граѓаните, т.е. обезбедување на полесен и поекономичен пристап до информациите до граѓаните со ре/отварање на подрачни канцеларии на надлежните ЈУМЦСР и Центрите за вработување или воспоставување на општински информативен центар, како место каде што фокусот ќе биде да се добијат сите информации од Центарот за социјална работа и центарот за вработување за расположливите права и услуги за социјална заштита и можностите кои ги нуди пазарот на труд и, истовремено информации и од локалната заедница и за регионално активни мерки, проекти и можности за вработување.

### *3.1.2 Услуги на стручна помош и поддршка*

Оваа услуга согласно член 72 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес. Истата опфаќа помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку проценка, планирање, интервенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите, со цел зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми. Корисници на овие услуги се фактички сите корисници на услугите на ЦСР.

### *3.1.3. Услуги на советување*

Услугите на советување опфаќаат советодавна работа, односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство, и тоа:

- подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи,
- советување при развод на брак,
- семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи,
- психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство,
- психо-социјален третман на сторители на семејно насилство и
- други специјализирани видови на советувања

Советување и психо – социјална поддршка се дел од стручната работа на стручните работници, во рамките на постапките кои се водат во Центрите за социјална работа од обласста на семејно – правна заштита.

Во рамките на ЈУ МЦСР Велес ( во неговите простории) функционира **Советувалиште за жртви на семејно насилство** во рамките на Службата за услуги од социјална заштита, во Советувалиштето е вработен еден стручен работник – психолог.

Исто така во рамките на ЈУ МЦСР Велес функционира и Центар за жртви на семејно насилство за пружање услуга привремен престој за жени жртви на родово-базирано насилство и семејно насилство и нивните деца кој се наоѓа на друга локација. Центарот е раководен од страна на ЈУ МЦСР Велес, услугата е достапна 24/7 и се испорачува од страна на стручни работници од ЈУ МЦСР Велес (социјален работник, педагог, психолог, правник). Услугата за привремен престој обезбедува згрижување кога постои сознание за реална закана по животот и здравјето на жртвата или во отсуство на други ресурси за згрижување, се обезбедува сместување, заштита, психо-социјална помош и поддршка, советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, , вклучување во активните мерки за вработување на жртвата, со цел надминување на состојбата и нивната социјална интеграција и други услуги во зависност од потребите на жртвата согласно со закон. Според Законот за социјална заштита и подзаконските акти, услугата за привремен престој може да трае најмногу три месеци со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината, до една година.

На регионално ниво воспоставен е  и делува Сервис за психолошка и правна помош за жените и децата жртви на семејно насилство преку Организација на жените на Општина Велес кое дава помош и поддршка за Велес, Чашка и Градско

Во сервисот секојдневно , психологот и правникот даваат помош и поддршка на жените и децата жртви на семејно насилство.

### *3.1.4. Услуги во домот*

Услуги во домот се услуги за обезбедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштита. Услуги во домот се обезбедуваат како помош и нега во домот и како лична асистенција.

Овие услуги не се воспоставени во Општина Чашка. ОО Црвен Крст – Велес е лиценциран на посебната програма за негувател/ки за помош и нега на стари лица и лица со попреченост за давање на оваа услуга и истите се даваат на лица на територија на град Велес. ОО Црвен крст Велес со услугата би требало територијално да ги покрива општини Велес, Чашка и Градско

### *3.1.5. Услуги во заедницата*

#### 3.1.5.1 Услуги на дневен престој

Оваа услуга во овој момент е во процес на воспоставување преку Јавна општинска установа – Дневен центар за лица со попреченост "Среќа". Институцијата е основана во 2022 година, по претходна капитална инвестиција од МТСП за адапација на постоечки објект кој има максимален капацитет од 12 лица со телесна и ментална попреченост, организирани во две смени. Институцијата има добиено дозвола за вршење на дејност, а во постапка се вработувањата на стручни лица и технички персонал. Центарот на своите корисници би требало да им обезбедува осум часовен престој, организиран превоз од дома и назад, оброк и индивидуална и групна работа од страна на стручниот тим.

Објектот располага со вкупна површина од XXX м2, и располага со кујна и трпезарија, просторија за дневен престој, просторија за индивидуални третмани , канцеларија и санитарни јазли , сите опремени со нова опрема задоволувајќи ги пропишаните стандарди за овој вид установи.

На ниво на Општина Чашка функционираат клубови за стари лица и тоа во Населба Чашка, Извор , Теово и Богомила преку Министерство за труд и социјална политика и Општина Чашка

Со поддршка на Здружение на пензионери Велес и Општина Чашка започнува да функционира и клуб за стари лица во Теово.

### *3.1.6 Услуги на вон-семејна заштита*

Со услуги на вон-семејна заштита се обезбедува основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон-семејна заштита. Услуги на вон-семејна заштита се:

- Живеење со поддршка
- Згрижување во друго семејство
- Сместување во установа

## 3.2. Нови социјални услуги

Обезбедувањето на квалитетни социјални услуги на локално ниво е најважната активност за поддршка на најранливите групи за самостојно и постојно живеење на граѓаните во општината. Државата, општината, корисниците локалното граѓанство, бизнис заедницата се важни актери кои преку нивната интеракција ќе се овозможи пристап до социјалните услуги.

Општина Чашка во соработка со засегнатите чинители ќе овозможи да се создадат услови за функционирање на постоечките услуги и нивната одржливост согласно потребите на локалното население. За постоечките социјални услуги и за развој на нови општината ќе обезбеди средства од сопствениот буџет, од донации, европски фондови, средства од МТСП и други фондови.

Врз основа на сите досегашни истражувања и детално спроведен процес на мапирање и вклучување на голем број на засегнати страни со цел за што поголема транспарентност во донесување на одлуки од јавен интерес, а водејќи се согласно законските прописи, Општината има потреба од воведување и развој на голем број социјални услуги.

### *3.2.1 Услуги на информирање и упатување*

Услугата за информирање и упатување и понатаму е во надлежност на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес и истата ќе биде спроведувана од нивна страна. Постоењето односно реотворање на дисперзирана канцеларија на овој Центар за социјална работа на

територија на општина Чашка треба да биде заложба на општината, затоа што истата ги даваше основните и најчесто бараните информации како и остварување на дел од правата од областа на социјална заштита, заштедувајќи време и трошоци на граѓаните.

Оваа услуга може да се дава и преку овластени даватели на услуги , НВО, општински центар за информирање и упатување и други форми.

### *3.2.2 Услуги на стручна помош и поддршка*

Од аспект на намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост од клучно значење е активацијата на корисниците на ГМП. За успешна активација на корисниците на ГМП, во ЦВ е воведена нова услуга Советување и мотивација (СИМ) која е комплементарна на програмите и услугите за вработување, и овозможува советување (психо-социјална поддршка) и мотивација (менторска поддршка), но и следење на корисникот на ГМП низ процесот на активација.

За активно вклучување на лица со попреченост на пазарот на трудот има потреба од нивно работно оспособување, учење нови вештини и слично. Во Дневниот центар за лица со попреченост “Среќа” има простор за давање на стручна помош и поддршка за учење на вештини за вработување или пак развивање на социјално претприемништво.

Во делот на услуги за поддршка, постои сервис за психолошка и правна помош за жените и децата жртви на семејно насилство преку Организација на жените на Општина Велес кое дава помош и поддршка за Велес, Чашка и Градско. Во сервисот секојдневно , психологот и правникот даваат помош и поддршка на жените и децата жртви на семејно насилство. Потребно е одвојување на финансиски средства за негово оддржување преку Програмата за социјална поддршка од Општина Чашка.

### 3.2.3 Услуги на советување

Во Општина Велес активно е ангажирана Граѓанска Организација на жени Велес на воспоставување услугата Советувалиште на жени жртви на родово базирано и семејно насилство. За ефикасна и ефективна примена на новиот Закон особено е важно развивање на мрежа на советувалишта за жртви на семејно и родово базирано насилство, како и третман на сторителите на насилство.

Општината треба да поддржи работа на стручни граѓански организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории на граѓани во социјален ризик, поразлични од оние кои се застапени преку ЦСР и постоечките организации, гореспоменати. Акцент да се стави на младите во социјален ризик и ризик од зависности.

### 3.2.4 Услуги во домот

Општина Чашка има потреба од лиценцирање на овластен давател на услуги за помош и нега во домот и тоа за помош и нега на стари и изнемоштени лица, палијативна служба за лица заболени од тешки болести и други услуги. Најблиску до оваа услуга го гледаме ОО Црвен крст кој веќе ја дава таа услуга во Велес. Изразени потреби на стари и изнемоштени лица делумно може да се задоволуваат преку Програма ОКР, ангажирајќи невработени лица, лица од социјален ризик кои живеат на територијата на општина Чашка.

Исто така, постои потреба и од оваа услуга за лица со попреченост.

### *3.2.5 Услуги во заедниацата*

#### 3.2.5.1. Услуги на дневен престој

Оваа услуга во овој момент е во процес на воспоставување преку Јавна општинска установа – Дневен центар за лица со попреченост “Среќа”.

Услугата сеуште не се испорачува, па треба да се поведе сметка и осмислат програми димензионирани спрема корисниците кои ќе ги користат овие услуги. Со услугата се предвидува корисниците да имаат организиран превоз од дома до Центарот и назад, еден оброк и индивидуална и групна работа со соодветен стручен тим. Има ветување дека најпрво превозот ќе го организира општина Чашка, но треба да се најде решение за обезбедување на возило во сопственост на Дневниот центар. Истиот треба да дава поддршка на семејствата и оспособување на лицата со попреченост за вклучување на пазарот на труд и финансиска независност преку стекнување најразлични знаења, вештини и социјално претприемништво.

Постоечките дневни центри за стари лица функционираат како Клубови за стари лица, со цел поддршка за активно стареење, каде подвижните стари лица го пополнуваат слободното време во различни социјални и друштвени активности. Во рамките на Центарот за социјална работа Велес работи Клуб за стари и возрасни лица во нас. Чашка и с. Богомила. Во текот на 2020 г. имаше регистрирано вкупно 83 корисници од кои 35 во Богомила и 48 во Центарот во населба Чашка, но после епидемијата со Ковид-19, функционираат со намален капацитет, воглавно за поделба на оброци од проектот Народна кујна. И во двата клуба има вработени лица – домаќинки. Клубовите за стари лица во Извор и Теово се поддржани од општина Чашка , која ги сноси трошоците за оддржување и по еден вработен домаќин на пола работно време.

Како нова услуга во заедницата треба да се поддржи формирање на младински клубови во поголемите населени места, како Горно Јаболчиште, населба Чашка и Богомила со содржини за развој на креативни активности: музика, филм, театар, компјутерски дизајн, развој на спортски активности. Клубот би се користел и од даватели на услуги за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување, за да се обезбеди интеграција и да се превенира стигматизација и дискриминација.

Се позачестената појава на деца со хиперактивно однесување, растројство од аутистичниот спектар, проблеми со моториката, интелектуална попреченост ја наметнува потребата од поминување на време на овие деца во сензорни соби. Сензорната соба претставува мултисензорен простор кои овозможува индивидуализиран пристап и интервенција преку дополнителна сензорна стимулација или намалување на сензорните дразби. Се користи за индивидуална поддршка, едукација и третман на ученици со попреченост, со цел да се намали или елиминира непосакуваното негативното однесување и да се подобри совладувањето на образовните цели кои се индивидуализирани за учениците кои поради својата попреченост не напредуваат со истата динамика и резултати како и учениците со типичен развој. На територија на општина Чашка за сега нема опремено ваков вид на простор. За најсоодветни локации ги сметаме ООУ “Тодор Јанев” – Чашка или ЈОУ Дневен центар за лица со попреченост “Среќа” – општина Чашка

### *3.2.6 Услуги за вон семејна заштита*

#### 3.2.6.1. Живеење со поддршка

Општина Чашка има потреба за развивање услуга живеење со поддршка за стари лица, во форма на мал групен дом, во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или други лица во остварување на основните животни потреби, општествени,

работни, културни, рекреативни и други потреби на стари лица, за да се одржи функцалниот капацитет да се избегне изолацијата, посебно стари лица кои останале од разни причини сами.

### 3.2.6.2. Згрижување во семејство

Иако оваа услуга е управувана од Министерството за труд и социјална политика, со оглед на важноста на проблематиката, следејќи го процесот на деинституционализација, општината ќе биде насочена кон подигнување на свеста кај своите жители преку организирање на кампањи за важноста и придобивките од згрижувачките семејства.

### 3.2.6.3. Сместување во установа

Поради генерално стареење на населението и исселување на младите идентификувана е потреба од отварање на Дом за стари лица. На територија на општина Чашка не постои ваква услуга, а дефицирарна е и на ниво на држава. Од друга страна географските и климатските карактеристики се чинат идеални за здрави услови за популацијата од третата доба.

Реализацијата на сите горенаведени социјални услуги ќе зависи од изнаоѓање односно обезбедување на соодветен простор за таа намена како и средства обезбедени од страна на МТСП , Буџетот на Општина Чашка како и од средства од други донатори.

### 3.3. Идентфикување и приоретизирање на социјалните ризици во општината

| *Социјален ризик* | *Спецификација на социјални ризици* | *Постоечки услуги* | *Постоечки човечки ресурси* | *Развој на нови услуги* | *Потребни ресурси* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. *Сиромаштија/ Невработеност* | *1.1. Корисници на ГМП*<br>*1.2. Самохрани родители*<br>*1.3. Стари лица во социјален ризик*<br>*1.4. Невработени лица* | *-Услуги на информирање и советување преку АВРМ*<br>*-Програма ОКР*<br>*-Социјални пакети со прехрамбени и хигиенски продукти.* | *-Стручни соработници во АВРМС*<br>*-Општинска администрација*<br>*Волонтери* | *-Услуга на информирање и упатување*<br>*-Обука на работно место кај познат работодавач*<br>*-Банка за храна* | *-Координатор на услугата*<br>*-Медијатори за вработување*<br>*-Донатори* |
| 2. *Старост* | *2.1. Стари лица над 65 годни.*<br>*2.2. Стари и изнемоштени*<br>*2.3. Стари лица со попреченост*<br>*2.4. Стари лица со хронични болести* | *Пензионерски клубови* | *Домаќини во перназионерските клубови* | *1. Услуги во домот*<br>*- Помош и нега во домот*<br>*2. Услуги за вон семејна заштита*<br>*- Сместување во установа за стари лица* | *-Сертифицирани негуватели, медицинска сестра, физиотерапевт*<br>*-Координатор на услугата, стручен кадар* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *3. Попреченост* | *3.1. Лица со интелектуална попреченост*<br>*3.2. Лица со телесен инвалидитет*<br>*3.3. Лица со аутизам* | *Услуги во заедницата*<br>- *Услуга за дневен престој* | *Раководен кадар на општинската институција* | *Услуги во заедницата*<br>- *Услуга за дневен престој*<br>*Услуги во домот*<br>- *Лична асистенција* | *-Серифицирани даватели на услуги*<br>- *Дефектолог*<br>- *Социјален работник*<br>- *Психолог*<br>- *Негувател*<br>*-Сертифициран давател на социјалната услуга лична асистенција.* |
| *4. Семејства со нарушени семејни односи и жртви на семејно насилство.* | *4.1.Жртви на семејно насилство*<br>*4.2.Жртви на родово базирано насилство* | *-Советувалиште за жртви на семејно насилство во склоп на ЈУМ Центар за социјална работа Велес.*<br>*-Советувалиште на жени жртви на родово базирано и семејно насилство* | *Стручен кадар во ЈУМ ЦСР Велес.*<br>*Стручен тим од правник и психолог во Советувалиштето* | *Услуги во заедницата*<br>*/Услуги за привремен престој*<br>- *Центар за жртви на семејно и родово базирано насилство (засолниште)* | *-Координатор на услугата.*<br>*-Стручен кадар:*<br>*-Социјален работник*<br>*- Психолог* |

## 4. ПОТРЕБНИ КАПАЦИТЕТИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема | Капацитет/Опфат<br><br>(Број на корисници, површина, територија, итн) | Потребни финансиски средства | Извори на финансирање (начин на прибирање на потребните финансиски средства) | Планирана соработка со: | Време/период на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуга на информирање и упатување** | Остварување права на социјална заштита<br><br>Промоција на мерки за вработување | Реотворање на постоечката канцеларија на ЦСР Велес<br><br>Мобилен шалтер на АВРМС | Лица од ранливи категории на ниво на општина Чашка | 300.000 денари за вработени на годишно ниво 1.400.000 за 4 години. | МТСП,<br><br>АВРСМ | МТСП ,<br><br>ЦСР Велес ,<br><br>АВРМС Велес | 2024-2027 |
| **Услуги на стручна помош и поддршка** | Работна окупација на лица со попреченост за нивна финансиска независност. | Нови простории во Дневниот центар за лица со попреченост “Среќа”- општина Чашка. | 12 корисници | 300.000 денари за опрема | Донатори | ЈОУ Дневен центар за лица со попреченост “Среќа”,<br><br>НВО | 2024-2025 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуги на советување** | Сервис за психолошка поддршка на жени жртви на семејно насилство и жртви на родово базирано насилство | Постоечка канцеларија во Велес.<br><br>Делувањето на оваа огранизација е на ниво на Велес, Чашка и Градско. | Жени од ранливи категории-жртви на семејно насилство. | 300 000 денари на годишно ниво за сервисот | Општински буџети на Велес , Чашка и Градско.<br><br>Донатори | Општините, МТСП; донатори домашни и странски | 2024-2027 |
| **Услуги во домот** | Помош и нега во домот | Сертифицирани негователи, медицинска сестра , физиотерапевт<br><br>10 лица<br><br>Канцеларија за воспоставување на услугата | 10 корисници стари лица<br><br>10 корисници лица со попреченост | 10x14.000 денари x 12 месеци = 1.728.000 денари годишно.<br><br>6.912.000 денари за 48 месеци .<br><br>100.000 денари за опремување на канцеларија. | МТСП<br><br>ЦСР<br><br>Донатори<br><br>Локален буџет | МТСП<br><br>ЦСР<br><br>НВО<br><br>ОО Црвен Крст - Велес | 2024-2027 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуги во заедницата** | Дневен престој на лица со попреченост. | Нови адаптирани просторни услови во ЈОУ Дневен центар за лица со попреченост “Среќа” – Чашка | 12 корисници | 12x 27.000 денари =324000 денари месечно, или 3.888.000 денари годишно | МТСП<br>Локален буџет<br>Донатори | МТСП<br>ЦСР Велес<br>НВО<br>Агенција за млади и спорт | 2024-2027 |
| | Специјално транспортно возило за лица со попреченост | За потребите на корисниците во ЈОУ Дневен центар за лица со попреченост “Среќа” – Чашка | 12 корисници | 1.550.000 денари | | | |
| | Младински центри во<br>-Горно Јаболчиште,<br>-Богомила,<br>-Населба Чашка | Адаптација на постоечки простории | 300 корисници | 3 простории x 90.000 денари = 270.000 денари. | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сензорна соба | Адаптација на простор во ООУ “Тодор Јанев” или во ЈОУ Дневен центар за лица со попреченост “Среќа” - Чашка | 30 корисници | 360. 000 денари | | | |
| **Услуги за вон семејна заштита** | Сместување во установа на стари лица | Изградба или реконструкција и адаптација на постоечки објект | 20 корисници | Проектна документација 200.000 денари Изградба и опрема на објект 8.000.000 денари | МТСП Општина Чашка Грантови Други донатори | Општина Чашка Здруженија на граѓани – лиценцирани даватели на услуги | 2024-2027 |

## 5. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА.

МТСП обезбедува средства за развивање и давање социјални услуги од општините, под услови и во постапка утврдени со Законот за социјална заштита. Средствата за развивање и давање социјални услуги рамномерно се распоредуваат за социјалните услуги по плански регион во ист или повисок износ од доделените средства за таа намена во претходната година по плански регион.

МТСП најмалку еднаш годишно објавува јавен повик за обезбедувањесоцијални услуги од општините, здруженијата иприватните даватели на социјални услуги од мрежата на овластени даватели на социјални услуги. Во јавниот повик се наведува видот на социјалните услуги за кои се доделуваат средствата, висината на средствата кои се доделуваат, потребните документи кои се поднесуваат, роковите за спроведување на постапката по јавниот повик и временскиот период во кој ќе се даваат социјалните услуги, за секој плански регион. МТСП по потреба објавува јавен повик за иновативни и интервентни социјални услуги.

При утврдување на видот на социјалната услуга за која се обезбедуваат средствата преку јавниот повик, се зема предвид предлогот доставен од ССЗПР.

Согласно ЗСЗ, нормираните социјални услуги можат да се користат доколку се развиени и достапни, и оттаму, ССЗПР треба да придонесе нормативно поставените социјални услуги да бидат и реално достапни, односно, да бидат развиени и испорачани што поблиску до корисниците. Со законот се воспоставува нов начин на финансирање на социјалните услуги, кои можат да бидат давани од различни физички и правни лица, вклучувајќи и граѓански здруженија. Лиценцирањето на давателите на социјални услуги, осигурува дека секој давател ги исполнува предвидените стандарди и нормативи за односната социјална услуга. Финансирањето на социјалните услуги се

одвива преку редовни годишни повици на МТСП за обезбедување социјални услуги од општините, здруженијата и приватните даватели на социјални услуги. Цените на услугите се  определени преку Методологија за утврдување на цените на социјалните услуги, а МТСП секоја година треба да ги ревидира истите согласно трошоците за живот во државата.

Дозвола за вршење работи од областа на социјална заштита, односно лиценца за работа на давателите на социјални услуги ја дава Министерството за труд и социјална политика, согласно Законот за социјална заштита и согласно нормативите и стандардите за давање на социјални услуги кои ги пропишува Министерот. Општина Чашка, ги поттикнува сите здруженија коишто веќе ги воспоставиле услугите или кои се во план да ги воспостават, да се лиценцираат со цел да се унифицира квалитетото на услугите на национално ниво водејќи се согласно законот.

Согласно член 144 од Законот за социјална заштита, Минстерството за труд и социјална политика обезбедува средства за развивање и давање на социјални услуги од општините , под услови и постапка утврдена во законот.